УСЛОВИ ЗА АНГАЖМАН

Експерт за организациски развој и стратешко планирање

Проект: Strategic Transformation of Milieukontakt Macedonia Towards Biodiversity Conservation and Sustainable Resource Management in North Macedonia
Референца: CEPF-00036633
Локација: Скопје, Северна Македонија, со можност за работа од далечина
Тип на ангажман: Експертски услуги
Времетраење: 25 работни дена во периодот 23.11.2026–24.09.2027
Краен рок за аплицирање: 18.11.2026 до 17:00 часот (CET)

1. Позадина

Здружението за одржлив развој Милиеуконтакт Македонија (МКМ) го спроведува проектот со финансиска поддршка од Critical Ecosystem Partnership Fund (CEPF), преку BirdLife International, во периодот од 01.10.2026 до 30.09.2027. Проектот е насочен кон јакнење на организациските капацитети за работа во областа на биодиверзитетот, управувањето со водите и одржливото земјоделство.

Проектот предвидува изработка и усвојување организациска стратегија, проценка на капацитетите и патоказ за организациски развој, како и подобрување на внатрешните системи, дигиталната инфраструктура, комуникацијата и видливоста на МКМ.

2. Цел на ангажманот

Целта е спроведување партиципативен процес на стратешко планирање и организациски развој, кој ќе резултира со организациска стратегија, проценка на капацитетите и патоказ за спроведување на приоритетните организациски подобрувања.

3. Опфат на работата

Ангажманот опфаќа анализа на постојната организациска состојба, консултации со вработените, раководството и Управниот одбор, фасилитирање работилници и подготовка на стратешките и развојните документи на МКМ.

4. Клучни задачи

Задача 1 – Организациска проценка

Преглед на управувањето, организациската структура, улогите, внатрешната координација, комуникацијата и оперативните системи. Утврдување на силните страни, недостатоците и потребите за развој.

Задача 2 – Консултации и стратешки работилници

Консултации со вработените, раководството и Управниот одбор и фасилитирање две работилници со по 10 учесници. Разработка на мисијата, визијата, вредностите и приоритетите и валидација на предложените документи.

Задача 3 – Организациска стратегија

Подготовка на стратешка рамка и повеќегодишна организациска стратегија со цели, програмски приоритети, индикатори, одговорности и временска рамка. Вградување на коментарите и поддршка при формалното усвојување.

Задача 4 – Патоказ за организациски развој

Приоритизација на организациските подобрувања и подготовка на патоказ со мерки, носители, рокови и потребна техничка поддршка, вклучително и оперативен план за првата година и насоки за дигиталниот ангажман.

5. Очекувани резултати

1. Почетен работен план и методологија до 11.12.2026.
2. Извештај за организациските капацитети до 26.02.2027.
3. Две работилници на 15–17.12.2026 и 16–18.03.2027, со извештаи до 23.12.2026 и 26.03.2027.
4. Стратешка рамка и патоказ за организациски развој до 30.04.2027; оперативен план до 31.05.2027.
5. Организациска стратегија: нацрт до 12.03.2027, ревизија до 31.05.2027 и поддршка при усвојувањето до 30.07.2027.
6. Завршен пакет документи и извештај до 03.09.2027; корекции и прифаќање до 24.09.2027.

6. Времетраење на ангажманот

Ангажманот ќе се реализира во периодот 23.11.2026–24.09.2027 со вкупно 25 работни дена.

7. Институционални аранжмани

Експертот ќе работи во координација со проектниот тим на Милиеуконтакт Македонија. Експертот директно ќе му одговара на координаторот на проектот и ќе соработува со вработените, раководството и Управниот одбор.

Формалното усвојување на стратегијата и патоказот го вршат надлежните тела на МКМ. Организацијата и директното плаќање на логистиката за работилниците ги обезбедува МКМ од посебни проектни ставки; овие трошоци не се фактурираат дополнително од експертот.

8. Квалификации и искуство

Кандидатот треба да има:

- најмалку 5 години професионално искуство во областа на организацискиот развој, стратешкото планирање или сродни области
- искуство во организациска проценка, подготовка на стратегии и планови за организациски развој
- искуство во фасилитирање консултации и работилници со вработени, раководство и управни органи
- Развиени аналитички и комуникациски вештини и одлично познавање на македонскиот јазик.

Предност ќе имаат кандидати со високо образование од областа на организацискиот менаџмент, општествените науки или сродни области.

9. Критериуми за евалуација

Пријавите ќе се оценуваат врз основа на следните критериуми:

Критериум	Максимум поени
Релевантно искуство и квалификации	30
Предложена методологија / технички пристап	30
Финансиска понуда	40
Вкупно	100

Договорот ќе му биде доделен на кандидатот кој ќе освои највисок вкупен број поени.

10. Потребна документација

Кандидатите треба да достават:

- биографија (CV)
- мотивациско писмо со краток опис на релевантното искуство
- предложена методологија (максимум 2 страници)
- листа на најмалку два релевантни ангажмани
- финансиска понуда (паушален износ за 25 работни дена)

За релевантните ангажмани се наведуваат: проект / ангажман, клиент / институција, година, краток опис и улога на експертот. По потреба, од кандидатите може дополнително да се побараат докази за учество во наведените ангажмани.

Финансиска понуда

Кандидатите треба да достават финансиска понуда како паушален износ за целиот ангажман (25 работни дена), со наведен бруто дневен надоместок. Вкупниот износ не смее да надмине 4.250 USD и ги вклучува сите даноци, придонеси, давачки и трошоци на експертот.

Плаќањето се врши врз основа на договор за експертски услуги и писмено прифатени резултати.

Начин на аплицирање

Апликациите треба да се испратат на електронската адреса info@mkm.mk со наслов: „Експерт за организациски развој и стратешко планирање – CEPF-00036633". Краен рок за доставување на апликациите е 18 ноември 2026 година до 17:00 часот (CET).

Механизам за поплаки

Поплаки поврзани со постапката или проектот се поднесуваат на info@mkm.mk , со назнака „Поплака – CEPF-00036633", или писмено до МКМ, Кукушка 4А, Скопје. Со поплаките се постапува доверливо и без одмазда. Лице на кое се однесува поплаката не учествува во нејзиното разгледување. Достапен е и независниот канал CI EthicsPoint: www.ci.ethicspoint.com

Финансиска поддршка

Ангажманот се финансира од Critical Ecosystem Partnership Fund. Повеќе информации: www.cepf.net.

The Critical Ecosystem Partnership Fund is a joint initiative of l'Agence Française de Développement, Conservation International, the European Union, the Fondation Hans Wilsdorf, the Global Environment Facility, the Government of Canada, the Government of Japan and the World Bank. A fundamental goal is to ensure civil society is engaged in biodiversity conservation.